# *СООПШТЕНИЕ*
# *за постапката на доделување на идентификационен број на странски правни лица*

Со најновите измени на Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување, се пропиша начинот на оданочувањето на приходите кои странските правни лица ги остваруваат во РМ.

Домашните правни лица, домашните физички лица, странските правни лица или физички лица-нерезиденти со постојана деловна единица во РМ -исплатувачи на приходот, при секоја исплата на приходот на странското правно лице за кој е утврдено оданочување по задршка од член 29-б од Законот за данокот на добивка, имаат обврска ***да побараат даночен идентификационен број (ЕДБ) за странското правно лице -остварувач на приходите***.

Барањето за доделување на ЕДБ (образец УЈП-РДО) се поднесува во Регионалната дирекција во која припаѓа исплатувачот според своето седиште, или до Дирекцијата за големи даночни обврзници.

Со поднесувањето на образецот, исплатувачот доставува и писмено барање за издавање на ЕДБ во кое го наведува и основот на барањето за регистрација.

Прилози кон образецот:

- извод од регистрација при надлежниот регистарски орган на странското правно лице преведена од овластен судски преведувач **или**
- потврда за резидентен статус издадена од надлежниот даночен орган во странство **или**
- сертификат за странскиот даночен обврзник издаден од неговиот матичен даночен орган **или**
- "Барање за олеснување односно ослободување на данокот....." образец 1, 2, 3 и 4 заверен од надлежниот даночен орган во странство, пропишан со членот 5-в став 4 од Правилникот.

Регионалната дирекција издава "Привремена потврда" (образец ПП-01) за доделениот ЕДБ, истиот или најкасно наредниот работен ден, а обврзникот во рок од 15 календарски дена е должен да ги комплетира бараните податоци во пријавата за регистрација и прилозите кон истата, по што се издава Решението за регистрација на даночниот обврзник (образец РДО-01/1).

За подетални информации, кликнете во делот "***соопштенија***".